Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. 11-~~4691/2~~ 3036/1
Дата. 22.05.2019

ДО: ЈП "Охридски комуналец"
ул. "Наум Охридски" бб
Охрид

ПРЕДМЕТ: Доставување на Решение

Почитувани,

Согласно Вашето известување за намера за изведување на проектот: Постројка за топлинско разградување на органска фракција од цврст комунален отпад со метод на пиролиза во општина Охрид со број 11-4691/2, во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението со кое се утврдува потреба од оцена на влијанието на проектот: Постројка за топлинско разградувањена органска фракција од цврст комунален отпад со метод на пиролиза во општина Охрид, за потребите на ЈП "Охридски комуналец" од Охрид.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје · Shkup · Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Дејана Тодоровска
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk



11-3036/1
22. 05. 2019

Врз основа на член 81 став 4 од Законот за животна средина (Службен Весник на Република Македонија број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ

## за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина

1. Се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина на проектот – Постројка за топлинско разградување на органска фракција од цврст комунален отпад со метод на пиролиза во општина Охрид, за потребите на инвеститорот ЈП "Охридски комуналец" од Охрид, со седиште на ул. "Наум Охридски" бб, Охрид.

2. Согласно член 81 став 4 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), по добивањето на ова Решение, инвеститорот ЈП "Охридски комуналец" од Охрид е должен до Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

*Образложение*

На ден 13.08.2018 година од страна на ЈП "Охридски комуналец" - Охрид до Министерството за животна средина и просторно планирање е доставено е известување за намера за изведување на проектот: Постројка за топлинско разградување на органска фракција од цврст комунален отпад со метод на пиролиза во општина Охрид со број 11-4691/1.

Целта на проектот е изведба на релативно мала постројка за пиролиза и гасификација на биолошката фракција од комуналниот отпад. Со инсталацијата на постројката за пиролиза еден дел од цврстиот отпад кој ќе се носи на трансфер станицата ќе биде термички обработен, на температура 250 до 1100 $^0$C, со контролирано минимално присуство на кислород за да се спречи согорување. Како крајни производи од процесот ќе се добиваат био-гориво, синтетички гас (сингас) и цврст производ (био-јаглен). Главните цели на проектот се: редукција на биолошкиот отпад во животната средина, производство на т.н. зелена енергија и со тоа намалена употреба на фосилни горива. Инсталацијата предвидено е да биде лоцирана во не населено подрачје на КП број 1219/1, на м.в. "Габавци", КО Долно Лакочереј во општина Охрид. Локацијата е всушност истата парцела која е предвидена да се користи како трансфер станица за времено одлагање на цврст комунален отпад пред да се носи на регионалната депонија која е планирана во југозападниот плански регион.

Министерството за животна средина и просторно планирање, по добивање на известувањето пристапи кон разгледување на истото. Согласно член 81 од Законот за животна средина, постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанијата на проектите врз животната средина се врши за проекти определени согласно член 77 од Законот за животната средина.

Согласно Законот за животна средина (Службен Весник на Република Македонија број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) и Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина Службен Весник на Република Македонија број 74/2005, 109/2009, 164/2012 и 202/2016) предложениот проект се наоѓа во Прилог I – Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина, точка 8 ) Инсталации за депонирање отпад, горење, согорување и физички и хемиски третман и за него е потребно да се спроведува постапката за оцена на влијанието врз животната средина.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Исто така Согласно член 81 став 4 од Законот за животна средина, инвеститорот е должен врз основа на известувањето за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, да поднесе барање за определување на обемот на оцена на влијанието врз животната средина односно по добивањето на решението, како услов за продолжување на постапката.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**Правна поука**: Против ова решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Дејана Тодоровска
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk